## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Петнаесеттото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јануари 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,02 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Али Ахмети, Џеват Адеми, Љубисав Иванов Ѕинго, Веле Митановски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Агрон Буџаку, Марјан Додовски, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Оровчанец, Абдулади Вејсели, Фијат Цаноски, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска и Никола Рилковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за празници на Република Македонија, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи е амандманска расправа по редоследот кој е на екранот, има збор пратеник госпоѓа Селвие Салију. Повелете.

**Селвие Салију:** Му благодариме на претставникот на Владата. Мислам дека после неколку дена можеби и го разбира албанскиот јазик, можеби нема потреба од превод. Едно подолго време тука е присутен, додека од претставникот од Владата немаме објаснување зошто не треба да биде прифатен овој амандман. Верувам дека од предлагачите на овој амандман имаше силни аргументи зошто треба да се празнува 13 Август - Денот на потпишувањето на Охридскиот рамковен договор. Охридскиот рамковен договор на 13 Август претставува синоним на еден Договор за соживот со надминување на големите национални разлики и политички разлики, што беше цел на една нова дефиниција на земјата која се нарекува Република Македонија.

Јас мислам дека е момент за да се искаже една зрелос во изградбата на нашата држава преку рефлектирањето на позитивна енергија што треба да се потврди од мнозинството на Парламентот, пред се, македонската етничка заедница, бидејќи во другиот дел од парламентарното етничко мнозинство, всушност, албанската етничка заедница, ние не се сомневаме во тоа дека овој амандман ќе го гласаат тие, за да се разбере дека демократиите се организираа на различни начини. Потребно е спроведувањето на системот во барањето подобра форма затоа што не можеш да го запознаеш својот систем, доколку не го споредуваш со други. На овој ден се издигнува во односот со културата, власта, економијата во општеството, промената на културите дава политичка промена и од интерес е да се видат историските различни линии, различни патеки. Во некои држави политиката ќе владее од промените на јазичната политика, што за жал, оваа Влада што ја има изградено од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор до денес, сака да го врати назад. Има различни мислења за доброто на демократијата и ефикасноста во демократските општества, во оние држави кон кои сака да се доближи Македонија, има висок степен и ги имаат истите начела, како што е сувереноста на народот и правата на човекот. Но, за жал, Македонија од ден на ден се оддалечува од овој пат, и никако да се доближи до овие држави.

Имплетацијата на Охридскиот рамковен договор како документ на компромис за мирот, не треба да се подразбира дека се бара или не треба да се разбере како барање или фраза, туку како потреба за внатрешна стабилност на државата што Албанците со право го бараат од политичките елити и интелекруални кругови, што сме сведоци дека голем број академици, но и меѓународни фактори едно подолго време ја елаборираат тежината на значењето на овој датум, историски датум за Република Македонија.

Уште еднаш велиме дека овој датум е значаен, каде што Македонија не изгуби, затоа што потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и уставните измени во Република Македонија.

Ве молам потпретседателе ако може да се сослушаме.

**Иван Анастасовски:** Да, се извинувам и јас ги извадив слушалките да ја видам атмосверата во салата. Продолжете.

**Селвие Салију:** Овој значаен датум, кога Македонија не изгуби ништо со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и уставните измени во Република Македонија, Македонија се претвори во граѓанска држава чиј дел е и албанското население. Во Македонија, овој датум ги надмина своите амбиции и создаде услови за надминување на самото исчезнување. Ова од причина што Македонците, само со Албанците се Македонци, додека со било кој, или во било кој друг агол, тие можат да бидат само нешто друго, Република Македонија само така може да опстане како држава. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика има министерот за труд и социјална политика. Повелете.

**Љупче Мешков:** Почитуван пратеник, вие веројатно само по автоматизам кога говорите велите не добивме од министерот објаснување зошто овој амандман не се прифаќа. Можеби сте биле во тој момент надвор излезени, ќе се напието едно кафе, ќе добиете повторно сила, повторно ќе влезете, ама јас сум цело време тука и знам дека објаснив зошто Владата и јас овој амандман не го прифаќам. Ако имате вие

забелешка, тогаш може да речете зошто не сте не разубедиле во мојот став дека треба да биде, а не дека не сум дал образложение. Јас образложение дадов.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика госпоѓа Селвие Салију.

**Селвие Салију:** Ви благодарам. Господине Мешков од ваша страна бевте присутни редовно, во тоа не се сомневаме, ниту ние, останатите. Одговорот кој што го примивме од вас, мислам дека не беше толку силен, како што беа аргументите на пратениците на ДУИ и на останатите овде присутни колку што е тежината на овој датум. И ние бевме редовни и редовно ве слушавме и внимателно ве слушавме. Она што вие во ваше име, мислам дека не е во интерес на вас и во интерес на останатите. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Што се однесува до тоа што го кажа госпоѓата пратеник Селвие Салију, вистина е дека одбивањето на нашиот амандман е без некакво објаснување од страна на министерот, така што за тоа можете да ги земете и стенограмите вие господине Мешков и ќе видите дека само сте рекле дека не се прифаќа овој амандман, без никакво друго објаснување.

Меѓутоа, тоа е работа која што поминала и за тоа јас не сакам веќе да зборувам. Зошто се поставува прашањето од коалицијата ДУИ-ПДП, инсистираат толку многу, или пак даваат аргументи на мнозинството, зошто треба овој толку значаен датум 13 Август да се прифати како државен празник. Јас ви реков уште на почетокот дека ова е граѓанска обврска наша. Нагласувам уште еднаш значи, тоа е наша граѓанска обврска на оваа група или пак парламентарна коалиција, затоа што ние сме граѓани на Република Македонија. Меѓутоа, доколку се земе другата димензија дека сме и Албанци, ние сме предложиле и други амандмани кои што треба да се прифатат како датум, кој што треба да ги празнуваат или пак треба да ги празнува албанската заедница. Затоа наискрено ви кажувам дека не сум ни до толку загрижен ова мнозинство дали ќе го прифати овој датум како државен датум, или не. Велам како Албанец не сум загрижен, додека како граѓанин на Република Македонија, секако дека сум загрижен затоа што ова мнозинство нема сенс за тоа дека сите граѓани, или пак албанската етничка зедница се идентификува со државните празници во Република Македонија. Ова треба да ве загрижува повеќе вас како мнозинство. Или пак вие кои што сте го предложиле овој Предлог закон. Евидентно е дека Владата избрала друга патека за да обезбеди гласови и со Бадинтерово мнозинство исто така да помине овој Предлог закон, нешто што е легитимно и легално. Доколку се земе само тоа во Собранието да се обезбедат гласовите на етничките заедници, за да помине овој закон, а не се земе предвид, или пак, се земаат како броеви, меѓутоа не се земе другиот, политичкиот аспект, тогаш ќе увидите дека тоа не е во ред.

На крајот на краиштата не треба се да биде само да се обезбеди бројка од 61, или пак да се обезбеди бројот на пратениците на етничките заедници и со тоа да кажеме дека еве, ние сме обезбедиле број за да го поминеме овој закон, затоа што се работи за Закон за празници, каде што ние и во нашите поранешни говори рековме дека за овој закон треба поширок консензус, навистина граѓаните да ги почувствуваат овие празници и да им бидат вистински празнични денови. Сигурно дека ќе се случи токму спротивното од тоа што сме го кажале порано дека еден дел од граѓаните на Република Македонија ќе празнува денови на ВМРО, независно од тоа на кое ВМРО. Меѓутоа, еден дел од граѓаните во Република Македонија, поаѓајќи од мене и од многу други, ќе празнуваме така како што сме празнувале и порано. Значи нашите национални празници не биле државни празници, не биле празници уредени со закон. Меѓутоа, ние сме ги празнувале така како што сме знаеле и така како што сме можеле во потребните моменти. Се гледа јасно тоа што го кажав порано, нема политички сенс кога расправаме за толку чувствителни прашања. Навистина, градиме мостови кои што ќе не зближуваат, а не мостови или пак патеки кои што не оддалечуваат едни од други. Затоа, ние како пратеници ја вршиме нашата граѓанска обврска и ја вршиме истата, на мнозинството да му дадеме до знаење дека не е на добра патека. Каде го води овој Предлог закон за измена и дополнување на Предлог законот за празници. Велам не е на добар пат, затоа што не може Албанците, како автохтон народ, кој што живее со децении во Република Македонија, или пак во оваа земја, каде што денес е оваа држава на ова место, велам како автохтон народ да се исклучи од историјата, од државотворноста на оваа држава. Вие ја правите оваа работа свесно и ние ве сфаќаме. Меѓутоа, не е тоа случајно. Тоа што го реков во мојата дискусија пред два дена ќе го кажам повторно. Ние учествувавме и во АСНОМ и во Крушевската република и во многу други настани како Албанци. Настани кои што се случувале во историјата на оваа земја. Меѓутоа, практиката покажува нешто друго, дека ние секогаш после тие историски настани, кои што се толку значајни за оформувањето на оваа држава на перфиден начин, или пак едностран начин сме биле исклучувани од тие манифестации. Не случајно, и како Албанци, верувам и припадниците на другите заедници тие празници не ги чувствуваат како свои празници. Затоа мислам дека треба добро да се размисли за тоа на кој пат сме тргнале кога предлагаме еден Предлог закон од овој вид. Јас го разбирам еден дел од пратениците, кои што сте само партиски аргати и политички не размислувате, меѓутоа не го разбирам другиот дел кој што ја води политиката на ова мнозинство. Велам не ги разбирам затоа што факт е и пораката е многу јасна дека со предлагањето на овие празници,

посебно во првиот член кој што има посебен значај, вие уште еднаш ни ја испраќате пораката на другите дека оваа држава сакате да ја градите само за себе, а не да ја градите со сите други народи и заедници кои што живеат во Република Македонија. Оваа работа е евидентна. Оваа работа јасно се гледа. Така што, јас го разбирам и претставникот на Владата кој што е присутен тука за тоа зошто тој нема објаснување, затоа што ниту е од оваа бранша, ниту пак го претставува Министерството за култура, туку е од едно Министерство кое што може да прогласи само неработни денови, меѓутоа не и да дава објаснување за историските настани, за културните настани во земјата. И не случајно претставникот на Владата не дал ниту еден аргумент во оваа насока. Факт е дека како празници на Република Македонија покрај другото се предвидува да биде Рамазан Бајрам како празник, меѓутоа, јас ќе ве потсетам дека и во минатото празниците на Бајрам од страна на Владата се прогласени како празници, или пак како неработни денови, независно која Влада била од 90-тите години наваму. Исто така се предвидува кај другите настани. На крај од културолошки аспект, или како и да е да го наречеме и Денот на албанската азбука. Ние мислиме и не случајно инсистиравме во текот на овие денови 13 Август како значаен датум се воспостави како датум на државни празници дека е со значај. Затоа што дали сака некој да прифати или не, или да признае или не, на 13 Август се случи еден конфликт кој што во Република Македонија има доста големо значење за да не се дојде до една граѓанска војна.

Дали ние и понатаму да објаснуваме што значи Охридскиот договор за сите граѓани во Република Македонија, не само што меѓунардниот фактор, туку и вие господо пратеници кои сте тука или пак оние кои беа пред вас, во секоја странска делегација што учествувале или пак секоја делегација што дошла во Република Македонија, каде ние сме учествувале како парламентарни групи или албански претставници, секој од вас и до ден денеска, со полна уста пред меѓународниот фактор вели дека Охридскиот договор е документ што ќе го имплементираме во целост. Тоа е документ или модел што има посебно значење за нашата земја и документ од кој што треба да земаат примери и другите држави што се мултиетнички, мултиконфесионални и тн. Што значи, вие говорите нешто друго пред населението или пак пред меѓународниот фактот, а дејствате сосема поинаку во практика.

Што се однесува до цифрите или бројките што се обезбедени од другите етнички заедници за да помине овој закон, не ги окривувам. Ниту пак можам да ги окривувам. Било да се тоа турскиот, влашкиот, ромскиот или српскиот претставник. Ние, албанците за оваа работа вината треба да ја бараме кај себе и да ги расчистиме работите меѓу себе за тоа што сакаме во оваа држава. Ние сакаме да бидеме државотворен елемент или пак и понатаму со нашите гласови ќе прифаќаме да имаме позиција што ја доделува некој друг. Дали ќе бидеме рамноправни во оваа земја или и понатаму ќе се чувствуваме како граѓани од втор ред.

Ова не зависи од другите етнички заедници. Ова зависи од нас самите, Албанците, независно од тоа кој на кој политички субјект припаѓа. Затоа јас го повикувам мнозинството или пак овие претставници на Владата да размислат во оваа насока, повторно да ги разгледаат нивните одлуки. Кога се говори за прашања што ги тангираат меѓуетничките односи да се обезбеди едно поголемо мнозинство и за прашања како што е законот за празници да се обезбеди и гласот на опозицијата во оваа можност, независно дали таа се нарекува СДСМ или ЛДП или поинаку. Затоа што не се работи едноставно само за закони од областа на економијата или стопанството, туку се работи за закон што на непосреден начин е поврзан со меѓуетничките односи во Република Македонија.

Затоа, почитувана господо,

Одговорноста за тоа што ќе се случи во иднина сигурно дека ќе ја сноси овој парламентарен владин состав. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика, три минути реплика министерот за труд и социјална политика. Повелете.

**Љупче Мешков:** Јас веќе еднаш реков дека нема да полемизирам со ставови, затоа што секој, нормално има свои ставови. Ги објаснувам, ги образложува. Тоа е негово мислење. Меѓутоа, секаде каде нешто не е вистинито, јас морам да интервенирам

Прво, повторно сум принуден да го повторам истото. Може да ги земете стенографските белешки и да го видите моето образложение по повод овој амандман зошто не се прифаќа. Тоа беше моето јавување за говор после излагањето на господин Дураки. Точно можете да видите, ако треба пак ќе повторам, не е никаков проблем.

Моето образложение беше дека се работи за тоа што Охридскиот договор е политички договор, дека е склучен на 13 август, меѓутоа е политички договор и се она што е договорено во тој договор е внесено во амандманите на Уставот на Република Македонија. Тоа е направено не на 13 август туку друг ден. Тоа значи дека ние немаме државен празник за Уставот и за уставните амандмани, па сметаме дека како политички договор нема карактер да биде државен празник. Тоа беше моето образложение. Но, колку тоа вам ви одговара, не можам да кажам. Вие си знаете.

Вие, господине Алити велите дека нема сенс, нема разбирање кај пратениците, нема разбирање и нема сенс кај Владата за овој ваш амандман, а сепак веќе трет ден повторувате исти аргументи.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Една минута контра реплика господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Јас бев многу прецизен кога реков дека вие го отфрливте овој наш амандман, не дадовте никакво објаснување. Вие дадовте објаснување во текот на дискусиите на пратениците, нешто што е вистина, меѓутоа, за амандманот не рековте ништо.

Што се однесува до политичкиот аспект, сите војни, ви кажавме, завршуваат со политички договор. Потписници на тој политички договор биле претставниците на двете најголеми заедници во Република Македонија, значи претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДПА ПДП и меѓународниот фактор. Едноставно, не е политички договор, туку е историски договор, историски момент за Република Македонија, бидејќи за прв пат тој договор се потпишува меѓу двете заедници. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Хани Тахир. Не е присутен во салата.

Следен за збор е пратеник господин Буџаку Агрон, и тој не е присутен во салата.

Пратеник господин Положани Азис, не е присутен во салата.

Пратеник господин Дураки Садула, не е приститен во салата.

Има збор пратеник госпоѓа Селмани Ајше, повелете.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе,

Република Македонија по завршување на војната во 2001 година и постигнатиот договор во Охрид требаше похрабро да влезе во имплементација на договорот за да се создадат реални услови за движење на државите кои имаат демократии, а каде што мнозинството на граѓаните треба да имаат социјална благосостојба, каде што животот има свое значење. Граѓаните ќе се научат да учат со прогресивните промени. Според овој модел на изградба на цивилно општество се создава логична констатација дека со прифаќањето на демократските правила се прифаќа и значењсето за културата, за мирот затоа што не постои образложение луѓето да бидат во конфликт едни со други и тоа поради разликите во однос на националноста, верата, и политичките или партиските определби.

Почитувањето на демократските значења и значењето на евроатланската интеграција во НАТО и ЕУ како приод кон имплементација на Охридскиот договор истовремено ќе биде и во интерес на албанското прашање, но и на македонското прашање и во интерес на мирот на овие простори.

Во ова време, ние, Албанците давајќи свој придонес за стабилизација за одржлив мир во континуитет почитувајќи ги стандардите на демократијата, почитувајќи ги во континуитет позитивните вредности на Албанската националност за внатрешни меѓуалбански соодноси, почитувајќи го сето она што значи еден добар живот на сите граѓани во Македонија, разбирајќи го сето она што треба да биде во соодност меѓу Македонците и Албанците ние сме многу поблиску кон реализација на сите оправдани начела каде што Албанците ќе треба да бидат рамноправни со Македонците во заедничка држава. Се разбира дека овие промени треба да се направат со целосната имплементација на Охридскиот рамковен договор, со почитувањето на демократските правила, со јасна евроатланска визија и со хармонизација на ставовите со преставниците на САД, на Европската унија и на НАТО.

Охридскиот рамковен договор останува во историјата на оваа држава како датум на потпишување мировен договор меѓу две страни, меѓу македонските полициски сили и бившата ОНА и истовремено како почеток на дата на една историја, на една нова историја на Република Македонија. Но, Охридскиот рамковен договор може да се види и како последна шанса за соживот меѓу Албанците и Македонците на ова поднебје.

Договорите меѓу народите се еден вид специфична традиција било каде во светот. Ваквите договори често пати фаворизираат заеднички интерес, а тоа е пред се економијата, политиката. Охридскиот рамковен договор се обидува да запише една нова историја на оваа држава. Затоа сме ние толку упорни овој датум да се почитува како празник во Република Македонија.

Јас, како предлагач на овој амандман уште еднаш ќе нагласам дека 13 август има посебно значење за Република Македонија. Тоа е ден што во себе содржи многу значаен момент за двете страни во конфликтот 2001 година. Затоа треба да биде назначен како историски датум. Тоа е ден што и овозможи на Македонија да ги направи првите чекори во однос на ЕУ и нема никакво друго образложение, некој друг да го негира значењето на 13 август, заобиколувајќи го значењето и не давајќи му место што го заслужува во историјата на сите граѓани на Република Македонија.

Значајно е дека потпишувањето на Охридскиот договор донесе и позитивни промени во Република Македонија. Нешто што го потврди и Европската комисија и другите меѓународнир фактори. Тоа овозможи на нашата држава напредок во разни сфери, давајќи шанса да се вклучи во големото европско семејство. Се разбира, овој договор треба постојано да биде во реализација и да се почитува од страна на сите граѓани.

Едни од причините за почитување на Охридскиот договор и празнувањето на овој датум како државен празник на Република Македонија,нема ниту една друга причина овој празник да се нарече дека е нееработен ден. Затоа што значењето на овој датум е многу поголемо, затоа што направил сите други работни денови да се

одбележуваат поинаку отколку деновите што беа пред 13 август 2001 година. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Незири Сафет.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Иако можеби не сакав јас да земам збор околу овој амандман, сепак можеби некогаш се наметнува потребата, не јас некого да го убедам во насока на тоа дали навистина треба да се одбележи овој значаен историски датум како датум на државни празници во Република Македонија или пак како датум на разни верзии да се празнува од сите граѓани на Република Македонија.

Реално кажано јас очекував една исклучително позитивна енергија и потенцијал од парламентрното мнозинство, тука во Собранието на Република Македонија, во насока на тоа, не да го прифатат како амандман на парламентарнатга група ДУИ-ПДП, меѓутоа позитивна енергија би значела доколку има машкост, смелост и храброст овој амандман да го елаборираат за или против, како би гласале за или против овој значаен историски датум и политички датум и да ги дадат своите погледи за своите ставови и своите забелешки, во прв ред политички, а потоа со ред и другите историски и така натака. Меѓутоа, молчењето, значи една многу голема работа. Молчењето значи отсуство на смелост, молчењето значи недостаток на аргументи и факти. Се додека има молчење во ова Собрание и тишина, тогаш ќе се отвораат многу дилеми и многу исклучително значајни теми, можеби во иднината, затоа што волјата на еден дел од граѓаните на Република Македонија, молчешкум се обидуваат да ја потценат таа волја, молчејќи мислат и настојуваат да го обезвреднат, во конкретниот случај овој значаен датум 13 август 2001 година.

Се слушна и во поранешните дискусии овие денови, околу овој амандман од неколку лица кои можеби не се познаваат себе си толку добро и можеби и не го знаат и политичкиот и историскиот значај на овој датум и почнаа да го етикетираат овој датум или пак и овој предлог од албанското мнозинство во Парламентот на Република Македонија, значи парламентарната група ДУИ-ПДП како албански предлог а не како граѓански предлог.

Јас, во прв ред ви давам до знаење и на пратениците, меѓутоа и на пошироката јавност во Република Македонија, дека овој предлог не е воопшто во однос на албанска етничка припадност, туку е во однос на граѓанска припадност на Република Македонија и со тежина и значение за нашата држава.

Некој вели дека, и се спомна тоа дека овој датум е датум на еден политички договор. Меѓутоа, факт е дека е политички договор, датум на политички договор 13 август 2001 година, со кој што сите секири беа закопани, или пак сите прашања беа затворени и зарем тоа не е значаен свет датум за сите граѓани на Република Македонија, со што мислиме дека заедно и понатака сакаме да живееме и заедно да дествуваме за градењето и креирањето на исклучително позитивни и поволни услови за сите граѓани на Република Македонија, внатре во неа, меѓутоа и за нејзиното интегрирање во разните меѓународни структури,поаѓајќи и тука од интеграцијата и соединувањето во Европа и во НАТО структурите.

Покрај тоа што можеби има и политички значај има исклучитело историски значај. Јас мислам дека треба еднаш засекогаш без оглед на тоа кој сме ние тука, дали сме Албанци, Македонци, Срби, Власи, Турци и така натака,треба да се ослободиме од тие тешки окови, можеби историски, меѓутоа и национално и верски. И еднаш за секогаш да посветиме внимание на тоа што е навистина иднина на нашата земја. А ова се прави само на тој начин кога, тоа и вчера реков ќе го повторам и сега, многу е значјно тоа како ќе артилулира позитивна енергија, парламентарното мнозинство, посебно парламентарното мнозинство за кое што многу жалам, меѓутоа, ќе кажам на македонската етничка групација. Затоа што најголемиот терет вообичаено секогаш и историски и правно бил на она етничка група која што е во поголем број во една земја. Меѓутоа за жал ова како што ми се чини отсуствува на големо.

Мислам дека, не дека е 13 август со големо исклучиво значење, не сакам да бидам псеудопатриот и не сакам да бидам исклучително голем патриот, патриот од оруга страна, меѓутоа, мислам дека добрата волја, добрата желба, верувајте дека ќе ја ослободи Македонија од темните канџи на разните национализми кои дејствуваат во Република Македонија и на кои што или пак кои што не и го сакаат доброто на оваа земја.

Кога ќе се одлучи една работа да се направи,секое чудо е за три дена и само секоја врева се прави за тие три дена и ќе се заборави таа работа. Ќе се вгради во историјата и во историските анали на Македонија дека овој парламентарен состав знаеше да го изнајде модусот, формата, начинот на надминување на теснопартиските бариери, на теснонационалните и политички бариери. И, знаеше да го постигне тоа што е вогласност со тоа што се нарекува некој вид на консензус, што не е негативна работа, туку е форма на помирување и понатамошна соработка во земјата. Јас мислам дека дефинитивно овде сме оние претставници на народот кои што треба да размислат и ја користат логиката во своите глави, затоа што тие не пратија тука да водиме политика и со нашата политика ние треба на граѓаните на Република Македонија да им сервираме што мислиме дека е најдоброто за една држава, за едно мултиетничкјо општество и мултиконфесионално општество. Така, сите негативни енергии, јас настојувам, затоа што можеби некој од вас забележал, да направам некој вид на балансирање на сите тие енергии и исклучително крајни екстремни ставови, кои што не се добри за Македонија.

Јас би апелирал, дури и ако немате смелост и сила национална и политичка за да го поддржите овој амандман, барем да имате политички и човечки сенс и излезете со факти и аргументи, за да ги убедите сите граѓани на Република Македонија зошто сте против овој 13 август, повелете убедете ги и граѓаните на албанската етничка заедница во Република Македонија, зошто не треба да бидат и Македонците и сите други граѓани дека само на тој начин со факти и аргументи ние можеме да се соочиме за доброто на народот. Инаку, со молчење, тогаш може да се мисли се и бог знае што вие мислите за овој значаен историски датум. Доколку продолжите на овој начин, ви давам до знаење како парламентарно мнозинство што имате исклучителна одговорност кон државата, доколку продолжите со овој континуитет од сега ви давам до знаење дека вие не го сакате дборото на оваа држава. Доколку вие не размислувате за доброто на оваа држава што ви е одговорност да владеете со државата, тогаш од Албанскиот мнозински дел и другиот дел од Македонската опозиција, не очекувајте нешто во таа насока, позитивно нешто. Тоа е така, затоа што позитивноста може да се случи само взаемно, со разни ставови за да се достигне една заедничка согласност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот господин Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Во нашиот плитички живот и политичкјата наука имате дефиниција која што вели дека политиката не е егзатна наука, затоа што егзатната наука има неприкосновени дефиниции и тие не можат да се интерпретираат во согласност на индивидуални или групни интереси. Затоа и ние денес сме тука да дебатираме за една политичка тема во која парламентарната група ДУИ и ПДП ја користи можноста и може да се разбереме лошо, но се обидуваме да создадеме таква ситуација за добро рабирање на начин политичките сили да изнајдат можност и да се постигне можен компромис. Во Предлог законот за празниците, државните празници да можеме да го вклучиме историскиот датум со кој Албанците ќе можат да се најдат себеси, својот идентитет и својата државотворна симболика. Значи, ќе речам дека нема друга формула која ќе може да го измени ова. Во политиката има, затоа што нас ни се предлага еден предлог закон, затоа што врз основа на предлагачите на Владата на Република Македонија и врз основа на претставниците на Владата која што ги брани работите пред Парламентот, имаме Закон кој што е концепиран во 2 члена и во овие два члена има две градации и тие имаат поинакво значење на предложените празници. Така што, во член 1 се опфатени државни празници и дефиницијата е многу јасна. Државните празници на Република Македонија каде што во член 1 има, прва и втора градација, а во првата градација се празници кои што навистина се државни празници на Република Македонија. Независно од тоа што постојат и празници кои што не ги имаат тие државотворни празници, туку празници на националностите на Република Македонија, а тоа 24 мај, кој што споредувајќи го е ист или пак на исто рамниште со 23 ноември ден на албанската азбука, но независно од овој концепт, независно од заедничката вредност, гледаме дека 23 ноември и во четвртата категорија на Предлог закон за празници, додека празникот 24 мај е во првата категорија, дури и се наоѓа на прво место.

2 Август ден на Крушевската Република е празник кој што албанците се чувствуваат себеси, но не на потребното ниво, затоа што и од самото население, од самиот Македонски елемент, на овој празник ние не се третираме на потребното ниво. Затоа што, доколку бевме третирани на потребното ниво, тогаш секако ќе дојдеше до израз и афирмацијата на двајцата претставници на Советот на Крушевската република, кој што и до ден денес ние не го чувствуваме како за потребна афирмација на овие две личности, учесници и членови на Претседателството на Крушевската република. За да биде уште поевидентно овој празник Албанците го чувствуваат уште подобро во однос на нивното присуство во чествувањето на 2 Август, каде што е потребно Македонците да обратат поголемо внимание на афирмацијата на овие две личности, а зошто не и на другите личности кои дадоа многу значаен придонес во формирањето на Крушевската Република. Ние имаме и 8 Септември како трет празник подреден во првиот член, кој што навистина ги вклучува елементите на државотворност. Но, 8 Септември како ден на независност на Република Македонија, секако, голем придонес имаат и Албанците, меѓутоа треба да се разбере дека веднаш по независноста на Република Македонија, ние го имавме и првиот Уставн на Република Македонија, кој што не ги инкорпорираше онолку колку што треба и како што треба Албанците во овој Устав. Не вклучувајќи ги Албанците, во првиот Устав на Република Македонија, дојде и реакцијата на албанското население во тогашниот период и сите сме свесни дека имавме апсолутна реакција на албанското население, не учествувајќи на референдумот за прогласување на Уставот на Република Македонија. Една таква реакција на Албанците во разни историски периоди секогаш создава проблеми за земјата и создава дестабилизација во земјата или пак концентрација на албанското население или пак воопшто на населението во Република Македонија, не се фокусира на економскиот развој, на културниот развој, туку пред се на создавањето на тие проблеми кои што произведуваат проблеми.

Еден датум беше многу спорен и дебатиран во ова Собрание, главно, околу 23 октомври денот на Македонската револуционерна борба. Овој историски датум имаше оспорувања, афирмација и јас лично не сакам да . . .

**Иван Анастасовски:** Би замолил да се вратите на датумот кој е во амандманот, кој вие сте го поднеле. Да не се префрлуваме на други датуми,

би ве замолил навистина да се држите до датумот и до Охридскиот договор кој е дел од овој датум кој го спорите.

**Хани Тахир:** Јас сакам да потенцирам дека доколку ние го имаме 13 август како датум кој што сакаме да го вклучиме во член 1, треба да се направи споредувањето и инкорпорирањето на овие датуми во член 1 со датумот што ние го предлагаме. Доколку споредбата не е на место, тогаш сте во позиција за која што не треба да дебатираме. Споредбата на датумите кои што имаат атрибути, карактеристики државни за да го образложам тоа зошто 13 август треба да биде историски датум, доколку ваквата споредба за вас не е добра, тогаш ќе завршам. Значи дебатираме во смисла дека треба да определиме атрибути, карактеристики, елементи кои што треба да ги содржи еден датум, кој што треба да биде подреден во член 1 на Предлог законот за празници. Сето ова и целата оваа споредба се прави дека треба и 13 август да биде датум што ќе се манифестира, да се празнува во цела Република Македонија.

Ќе се навратам на 23 октомври, што за македонското население е многу чувствително затоа што има елементи, карактеристики на државотворност, без оглед што има оспорувања од разни групации и индивидуи, независно кои се релации, а јас не сакам да навлегувам во тоа, всушност, мене не ми пречи 23 октомври денот на Македонската револуционерна борба не ми пречи да се категоризира и да биде дел од член 1 и тоа во прва категорија на датуми со државотворни елементи. Да преминеме на 8 октомври ден на Свети Климент Охридски кој што е датум според елементите, според карактеристиките е истоветно со 24 мај и со 22 ноември денот на Албанската азбука. Доколку ние постигнеме да направиме една компарација дека во член 1 и во првата категорија можеме да имаме два датуми со идентични вредности и идентични карактеристики на културата на едно население, како еден од датумите да биде и 22 ноември денот на албанската азбука , бидејќи се одржа во еден историски град што е заедничко за нашето население, за сите граѓани, а тој ден се одржа во Битола. Анализирајќи ги датумите во член 1 и во став 1 кои што се државни празници, ќе се навратам на 13 август. Постои дилема и се поставува едно прашање од страна на учесниците на Парламентот или пак од разни експерти кои што имаат политички судружувања. Доколку во член 1 на Предлог законот за државни празници,не најде свое место 13 август денот на Охридскиот рамковен договор, во кој реално ако се навратиме на текстовите, на настаните, на манифестациите, на презентациите на сите политики фигури во Република Македонија, ќе видиме дека сите го афирмираат овој датум, сите даваат позитивна оценка за овој датум. Така што, јас се обидов и во текот на вчерашниот ден да потенцирам дека во нашата земја престојуваше претседателот на мониторингот на Европскиот парламент кој што даде позитивна оценка во првата мониторинг фаза Македонија се наоѓа во таа пост мониторинг фаза и нејзиниот претседател дојде во Македонија и ги виде резултатите на Република Македонија. Меѓу елементите или би рекол една од најафирмативните вредности на Република Македонија вклучени и во резолуцијата на Европскиот парламент за демнократските постигања и стабилноста и демократските вредности, меѓу нив е Охридскиот рамковен договор. Така, јас сакам да потенцирам и да ги прочитам оние делови каде што на дециден начин се потенцира афирмацијата на Охридскиот рамковен договор, а ова е еден документ многу значаен на Европскиот парламент. А, Европскиот парламент е над нивото на Македонскиот парламент. Значи, во овојПарламент се присутни сите европски држави и тоа е институција која што претставува 800.000.000 на Европа. Ќе се обидам да го прочитам на македонски јазик и накратко ќе се задржам на она што е значајно во однос на Охридскиот рамковен договор. “Подготвува и разгледуван со активна партиципација на Македонската делегација и по остварувањето на посетата на Република Македонија на известителот Бјанко. При што се остварени средби со највисоките парламентарни државни раководиртели”. Значи, оваа резолуција по средбите со личностите, најзначајните личности во државата со сите парламентарни групи и со сите  личности, тој дојде до заклучок, што е презентиран во овој Извештај.  “При неговата посета имал можности лично да се увери дека се надминати тензиите од времето кога земјата била близу до граѓанска војна. Рамковниот договор со кој е трасиран патот за длабоките реформи и за обезбедување на демократската иднина на земјата . . .”.

Ве молам, ова е многу јасна дефиниција затоа што известувачот Бјанко, бидејќи бил тука во Македонија преку контактите со сите политички личности, со сите институции доаѓа до заклучок дека Охридскиот рамковен договор даде фуундаментален договор на промената на концептот на државата, реална можност на реформите на политичкиот систем, ја надмина политичката ситуација во однос на политичките реформи, затоа што треба да ни биде јасно и да имаме предвид дека пред 2001 година Македонија беше сметана како најцентрализирана држава во Европа. Доколку имаме параметри за децентрализација во согласност со државите во Западна европа, ќе видиме дека статистиката вели радикални промени во она што се нарекува децентрализација на власта. Жртва на една ваква силна децентрализација се чувствуваше во сите општини во Република Македонија. Ограничувањата или сите претседателе на општините во Република Македонија ја чувствуваа последицата на една ваква силна централизаија на државата, затоа што постоеше еден блокирачки концепт во однос на децентрализација на власта во насока на реформи на политичкиот систем. Како што гледате изествувачот Бјанко доаѓа до заклучокот

дека Охридскиот рамковен договор даде реална можност за да се надмине кризата во земјата било на прагот на граѓанска војна или пак кон отворање на патот на реформи, децентрализација во економската сфера, во урбанизмот, во културата, во образованието. Но, освен тоа се потенцира дека Охридскиот рамковен договор отвора пат кон иднината на државата. Дефиницијата е многу јасна. Иднината на Република Македонија, подобра иднина во однос на Охридскиот рамковен договор.

Затоа што Охридскиот рамковен договор не е придонес само на политичките албански субјекти, ниту пак на политичките македонски субјекти. Туку придонес и на факторот, најзначајниот, најрелевантниот меѓународен фактор. Значи овој Охридскиот рамковен договор се наоѓа пред фаза ма финализирање и реална имплементација во практиката во Република Македонија. Ќе продолжам со цитирање на уште една дефиниција од овој извештај: "и ја предвиде актуелната ситуација од страна на известителот. Идентификувана е потребата првобитниот мандат за следење на развојот на политичките настани во Македонија, да биде проширен и разгледуван од регионален аспект".

Тука има една дефиниција дека Охридскиот рамковен договор од аспект на значењето на својата вредност за мултиетничка држава отвара хоризонт овој Рамковен договор, овој документ да наиде на една многу поширока примена, не само што Република Македонија имајќи ваква тежина спесифична многу значајна оценка од Европскиот парламент. Ние овој договор го девалвираме, затоа што, сакам да го кажам ова како споредба, ако ние Албанците треба да бараме државен албански празник тогаш немаше да го побараме 13 август од 2001 година затоа што ова не ги претставува само интересите на Албанците. Ние ќе побаравме други национални празници кои апсолутно се обоени од национален карактер и тие се само национални празници исклучувајќи ги интересите на другите граѓани. Потенцирам дека овој Договор ѓи вклучува сите заедници, но и меѓународната заедница истовремено.

Ќе продолжам со една друга дефиниција: "...комитет е прифатен овој пристап базиран врз генералната оценка дека Македонија направила извонреден напредок кон стабилноста и дека таа претставува пример кој треба да биде подржан и кој може да има позитивен ефект за регионот во целина".

Сугестијата на Европскиот парламент е овој Рамковен договор да се подржи и ние не го подржуваме овој Договор. Причината зошто се спротивставуваме на еден документ, на еден Рамковен договор кој што ги отвори патиштата на иднината на Република Македонија, ги отвори патиштата на реформите, економијата, стабилизација на државата, на афирмација на државата. Ние се спротивстауваме и не прифаќаме да биде празник кој што ќе биде една кохезивна сила за сите граѓани на Република Македонија.

Почитувани пратеници ние имаме дебата каде што можеме и лошо да се разбереме, имаме дебата каде што можеме и да згрешиме во обидите овој датум да стане дел од Предлогот на законот за државните празници. Ние на дневен ред на една од претходните седници која што е прекината имавме декларација за обврските пост Рига, значи после Рига. Потписниците на оваа Декларација се сите претставници освен преставниците на ДУИ кои што имаат само еден додаток во Предлогот предложен во овој Парламент. Но, точката 3 од Декалрацијата за обврските на Република Македонија по Рига е многу јасна и недвосмислена, неоспорена од ниту една политичка сила. Во точка 3 од Декларацијата сите политички партии го афирмираа Охридскиот рамковен договор и сите се повикуваат на овој Договор дека ќе продолжат и ќе се обидат да ја стабилизираат земјата и ќе одат во правец на реформи и стабилизација на државата. Доколку постојат толку голем број на аргументи и во полза на тоа во член 1 од Предлогот на законот за празници од 11 празници, колку што се предложени, да се најде алтернатива во овој член да се вклучи еден датум, еден историски датум со кој Албанците ќе си го најдат својот идентитет, затоа што треба да разбереме дека не зависно што овој член е нивелизиран во два степени, во вториот имаме Рамазан Бајрам, првиот ден од Рамазан Бајрам како државен разник. Не сме само ние Албанците муслимани. Има и македонци муслимани, има и турци, има и роми и други кои што се муслимани. Значи, овој празник и припаѓа на муслиманската вера. Тоа не е ексклузивитет, иако овој празник нема атрибути на државотворни елементи. Кои се тие државотворни елементи. Се знае кои се значајни историски датуми и имаат државотворен карактер. Значи, ние сме во дебатата на тоа за да го образложиме, да бараме во член 1 доколку не овој датум кој што треба да биде прифатлив за сите, кој што го допира идентитетот на сите тогаш да изнајдеме еден историски датум каде што Албанците ќе се идентификуваат како државотворен народ.

Така што во однос на тежината со матеметичка формула во овој Парламент и во овој член на овој Закон произлегува дека Турците, Ромите, Власите,Бошњаците, се 2:1 со празници со нивните култури претставени. Два верски празници се составен дел и за Турците и за Ромите и за Власите и за Бошњаците онолку колку и за Албанците.

Од друга страна од културата на овие народи за сите народи имаме по еден. Значи, математичка формула вели дека сите сме нивелизирани или сме рамноправни два верски разници и еден национален празник.

Да не говориме за соодносот меѓу македонската заедница и албанскат заедница.

Јас сакам да завршам алудирајќи и подвлекувајќи дека треба ние како пратеници во овој Парламент исклучувајќи го егзикутивот што е надвор од овој орган, законодавен дом, затоа што ние произведуваме закони, ние произведуваме

стандарди кои што ќе бидат во интерес на сите граѓани. Ние треба да произведеме стандард и мислам дека често се поставува прашањето и со мојата констатација се согласува еден голем број на пратеници во нашите разговори за време на кафе пиење кога велиме дека ние немаме приод апсолутно во однос на изградбата на стандарди во Парламетот, туку се водиме од политички цели. Значи менувајќи ја основата за производството на закони во интерес на граѓаните ние сме далеку од она во Парламентот да дебатираме со аргументи за изградба на стандарди во политичкиот систем, за стандарди кои што ќе бидат инкопатабилни или пак во согласност со законите на Европскиот парламтен кој што ден побрзо ќе не доближат до евроатланските структури.

Јас посакувам од присутните пратеници во Парламентот доколку не го сметата 13 август 2001 година како историски датум кој што ќе не презентира сите да се даде друга алтернатива како државен празник каде што ние Албанците ќе се идентификуваме како парламентарна група ДУИ - ПДП кој што ќе го прифатат без никакви резерви. Но, значајно е ние да се вклучиме во тој историски датум, всушност во овој Закон. Благодарам многу.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика господинот Ружди Матоши. Повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседателе.

Сакам да се објасниме, да се објасни нешто и за јавноста од причини што повторените дискусии на Демократскат унија за интеграција се дискусии кои што тие заборавааат каде биле до вчера. Јас еден ден порано реплицирав во оваа насока и им кажав дека сте биле дел од Владата каде што сте можеле да ги дадете овие предлози, каде што сте можеле да ги воспоставите овие датуми како празници, празници кои што се однесуваат и на Албанците. Ние сме убедени да продолжиме на овој пат. Демократската партија на Албанците во власта има прекинато една негативна традиција која што во континуитет ги следела Албанските граѓани. Албанските граѓани не прославувале ниту еден празник порано. Сега да ве потсетам дека денот Голем Бајрам е државен празник, денот Мал Бајрам е неработен ден, исто така и празникот за манифестирање на денот на конгресот во Битола 22 ноември нема да биде работен ден и сите институции тој дена нема да работат. Институциите кои што се составени од Албанците. Со ова ние сме направиле прекинување на една негативна традиција и сме вовеле една позитивност и Албанците ќе ги празнуваат своите празници.

Ме израдува фактот вчера кога еден пратеник од СДСМ рече дека вашиот предлог ќе го прифатам, меѓутоа жалам што сте биле 4 години на власт, а тоа не сте го направиле, а сега леете крокодилски солзи за тоа како треба да биде Македонија со празници, како треба да се уреди овој закон. Затоа јас би ви посакал во иднина кога ќе менаџирате, доколку повторно менаџирате со СДСМ заедно тогаш да ги завршите работите, а не сега само да ни пречите и да ни продавате демагогија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута за контра реплика за пратеникот Хани Тахир. Повелете.

**Хани Тахир:** Почитуван колега ние многу добор се разбираме, но доколку мене ми го испраќаш зборот демагогија, во мојот живот ниту еден посто нема демагогија. И пред малку реков дека жалам што ќе имаме недоразбирања. Жал ми е што мојот говор ќе има негативна конотација, но апсолутно сакам да потенцирам. Со државен празник во член 1 немаме ниту еден празник со чувство на национален идентитет на државотворност. Жалам што ќе дебатираме и на крајот на краиштата тие стандарди што ги градиме денес нема да бидат само за мене. Јас во политика не сум толку слеп за да правам избрзани чекори.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот господин Џеват Адеми. Повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас не бев во Македонија неколку дена и сум имал чувство дека во расправата по Предлогот на законот за изменување на Законот за празници од страна на Владата овој парламентарен состав, опфаќајќи го тука и тоа што денес претставува парламентарно мнозинство, меѓутоа и ние од десната страна ќе ја искористиме оваа прилика сепак да изградиме мостови на зближување. Мојот потпис на овој амандаман поднесен од праламентарната група на ДУИ и ПДП не го подразбира како мој ангажман за некое посебно унапредување, за некое посебно санкционирање на некој датум кој што е во однос на националната историја на Албанците во Македонија. Тоа мое право и тој мој ангажман го резервирав за иницијативата за 28 ноември - Денот на знамето. Проценив во тоа време дека и за жал оваа реалност која што ја гледаме денес тука некако ни го изледува излагањето дека во Македонија има политичка клима или пак има интелектуална смелост да се проценат и ува жат и датуми кои што не за сите се од иста важност. Не за сите проследуваат една порака. Не само за етничките заедници, туку и за претставувачките полтичи елити. Понекогаш тие можат да бидат и контраверзни и така во историјата датумите со поголема тежина, позначајните датуми, или пак датумите ко што направиле пресврт секогаш биле објект на оспорување, објект на тенденциозни третирања и објект на оспорување. За жал, еден ваков факт и една таква судбина доживува и 13 август од 2001 година, датум кој што во поновата историја се познава како датум кога во Охрид се потпиша Охридскиот договор, Рамковниот договор, кој што, само да ви го освежам памтењето не е најзначајниот датум во историјата на Албанцијте во целина. Не е датум со кој што

Албанците ги остварија сите нивни аспирации. И овој дел на Албанскиот народ кој што живее во Македонија со Охридскиот договор, не успеа, ова го велам гласно и одговорно, не успеа повторно да го изгради сето тоа крвопролевање, сето тоа жртвовање, меѓутоа големите народи во душа знаат да прават и компромиси. Ценам дека и Албанците и Македонците со Охридскиот договор успеаа да признаат, да прифатат нешто што двете страни го признаваат, меѓутоа и другите, во овој момент и двете страни не дека се многу задоволни и затоа компромисите во историјата колку што се прифатливи толку се и оспорувани. 13 август во Македонија инсталира една вредност која што цел свет ја афирмира, а во Македонија се оспорува. Ќе ве молам денес светот Македонија не ја познава ниту по производството на ајвар, ниту по производстовото на овчото сирење, светот Македонија ја познава според еден многу смел историски договор кој што го носи името Охридскиот рамковен договор кој што е потпишан на 13 август 2001 година и до пред некое време светот ја познаваше Македонија како место каде што со многу смелост се имплементираше овој договор.

Сериозноста на една држава, сериозноста на институциите на таа држава се мери со посветеноста и смелоста да се релизираат и имплемнтираат документите чиј автор, или коавтор е и таа. И за среќа Македонија имаше добар почеток кој што денес за чудо не успева да се унапредува и како државен празник. За новите генерации после 10 или 15 години ќе изгледа парадоксално ова молчење, овој одбивачки ѕид на актуелното парламентарно мнозинство за тоа зошто е толку против на категорички начин најзначајниот историски датум од новата историја на Македонија нема статус на датуми кои што заради судбината на државата се многу понезначајни. Македонија на 13 август ја прекина војната.Охридскиот договор овозможи прекин на војната. Охридскиот договор исклучи,избегна ширење,или пак преминување на војната во граѓанска војна. 13 август и Охридскиот договор даде можност и шанса на мирот. И овие моменти, овие вредности за еден послободен ум од предрасуди, од конфронтизмите и од исклучувањето на ексклузивноста се доволни поими со најголема леснотија, дури јас мислев дека Владата сама ќе предложи во својот не толку разбирлив предлог во категоријата на тие 11 празници кои што се државни и празници на Република Македонија, затоа што и тука има едно рангирање. Меѓутоа, во првиот дел кај државните празници да го опфати и 13 август 2001 година, Охридскиот договор. Зошто? Затоа што доколку Македонците и Албанците на 13 август направија компромис кој што ја спаси државата, успеаа да постигнат резултат од кој што единствен победник беше Македонија. Другите помали заедници, како што е турската, ромската, бошњачката, влашката, српската и другите од овој документ само придобија. Ќе ве молам, не треба многу да бидеш напреден и да имаш интелектуална смелост и да кажеш дека од Охридскиот договор припадниците на не мнозинските заедници во Македонија ја добија шансата да чуваат, да го култивираат и унапредат и идентитетот и да бидат носечки дел на суверености во оваа држава. Зошто сега целата оваа хистерија, цело ова толку фронтално одбивање на една иницијатива која што во прв ред има граѓанска димензија. Ќе беше очекувано и упатно јас повеќе енергија да трошам тука пред вас да ве убедам зошто 28 ноември треба да биде државен празник, а ние сега сме принудени, опфаќајќи ме тука и мене да расправаме за нешто македонското мнозинство треба да го направи. И за чудо не го прави. Доколку другите не оценат, или не проценат за еден голем пресврт во историјата кој што некој автор можеби и го нарекува раѓање на трета Македонија доколку таа на АСНОМ беше првата Македонија после 1990 година по независноста втора Македонија, сакале или не ние да прифатиме, или признаеме има ли смелост, или нема смелост да го признаеме тоа во Македонија, после 13 август 2001 година е третата Република Македонија. После 10 години, 15 години новите генерации ќе се чудат со нас зошто со толкав отпор не прифаќаме еден факт кој што го признал цел свет. И поради таа наша посветеност Македонија доби статус на земја кандидат за зачленување во Европска унија.Овој статус не го добивме затоа што Македонија направи некој голем економски бум, овој статус не го добивме дека Македонија рефлектираше стабилнсот, невидена политичка стабилност, овој статус не го добивме дека Македонија се докажа со една успешна војна против криминалот и корупцијата. Не. И ова треба да се каже светски и јавно, овој статус Македонија го доби затоа што на успешен начин и смел начин го имплементираше најголемиот дел од овој договор кој што ние како парламентарна група предлагаме да добие статус на државен празник. И тоа што ќе требаше природно да се случи, не се случува денес. И тоа што требаше упорно да го бара македонското мнозинство тука, не се случува. Се испраќа многу лоша порака за државата. Охридскиот договор не е ексклузивна обврска на коалицијата ДУИ ПДП. Не. Туку чувството на одговорност, или пак фактот што ние не сакаме да бидеме индиферентни кон една историска неправда која што се прави. За да се достигне поголемото во новата историја на оваа држава не принудува да чукнеме во заклучените умови, блокираните умови. Не знам за каква консталација и поради какви констелации и конјуктури не сакаат да го признаат тоа, дека на 13 август 2001 година всушност победи Македонија. Доколку ова некому му смета, доколку некој е против овој факт, да ги отвориме и овие дебати. Целта на овој предлог закон за изменување на законот за празниците не е да се обезвреднат и деградираат историските датуми од историјата. Јас така ценам. И да не мисли некој дека доколку парламентрното мнозинство или пак доколку Владата го прифати овој наш амандман и стане составен дел од овој Предлог закон, дека бог знае каква чест, или пак каков

компромис е направен на адреса на Албанците. Не, немојте да мислите дека ние ова го правиме само за себе си. Ние имаме многу позначајни датуми и многу поголеми датуми отколку што е овој. Ова го правиме за сите нас, затоа што не се што е добро мое треба задолжително да биде добро за сите, или пак нешто што е големо мое и значајно за мене, задолжително да биде значајно за сите, туку има едни моменти кои што задолжително треба да бидат големи и значајни за сите. И еден таков датум е 13 август. И тој што не го признава ова има тенденција и не го прифаќа фактот дека после 13 август се гради една поинаква Македонија, или пак се прават напори, или пак да бидам сосема транспарентен се направија обиди и напори, затоа што се плашам дека тоа сега не се случува, да се изгради една поинаква Македонија, Македонија каде што нема да има дискриминирани, народи од прв ред и од втор ред, каде што нема да има ексклузивност, каде што нема да има исклучување и каде што нема да има мајоризација и каде што нема да има колонијално третирање на зоните на Македонија кои што се населени со немакедонско население. Сето ова како законска димензија и уставна обврска ги гарантираше тој докуметн кој што беше птпишан на 13 август 2001 година. И да не се прифати и да не се признае овој факт отвора дилеми за тоа каква Македонија сакаме да градиме. Македонија која што не враќа во средновековието, со целата почит што ја имам за верските празници и кои што всушност не разединуваат, а не не обединуваат.

Затоа, за да не се создаде мислење за тоа зошто пратениците на ДУИ и ПДП толку упорно сакаат доколку 13 август 2001 година не е државен празник и албанците ќе одат во бескрај. Не, овие дилеми да ни бидат јасни. За ова требало да мисли Владата, предлагачот. Јас се чудам зошто тоа не го направи Владата, дотолку повеќе продолжувам да се чудам зошто тоа не го прави сега, дали заради инает не сака да прифати еден оправдан, рационален предлог на парламентарната група ДУИ ПДП, народите велат: од инает нема аир. Со ова што го гледам сега не излегува на површина готовноста за донесување на рационални одлуки од страна на парламентарното мнозинство.

Ова што го правиме ние денес не го правиме за да ја еманципираме Владата, не го правиме за да го едуцираме парламентарното мнозинство, туку сакаме да разјасниме пред граѓанинот за тоа каква политичка филозофија се инсталира во Македонија, Македонија по 5 јули 2006 година, кога и историски моменти кои што не обединуваат не прифаќаат да се третираат поеднакво со оние кои што во минатото не разединуваа. Привршувајќи со мојот говор сакам да го проследам моето вознемирување како граѓанин, потоа и како носител на одговорност и како преставник на поголемиот дел на албанскикот електорат во Македонија дека минимизирањето, обезвреднувањето и обезличувањето на моментите кои што колку, току, не зближувале. Не е добра порака, за граѓанинот во целост, не е позитивна порака нити за македонскиот граѓанин, нити за албанскиот граѓанин, нити пак за турскиот, бошњачкиот, ромскиот, или пак влашкиот, српскиот и другите граѓани, затоа што никому ништо добро не му носи логиката на раздвојување, на конфликт и логиката на двоење на статуси. Се сомневам дека Владата има толку интелектуална смелост да ги прифати овие вредности кои што сега се веќе докажани и историски.

Ценам дека стоечкото ангажирање на пратениците на парламентарната група ДУИ и ПДП наидува на глуво уво, на ставови априори изградени. Затоа, бидејќи ние во Македонија не сме научени да се соочуваме со пријатни изнанадувања, се гледа дека актуелното парламентарно мнозинство овој амандман не го поддржува. Меѓутоа граѓанинот правилно ќе расуди и ќе видите. Низ нос ви е излезена логиката на конфликтот, логиката на поделбата, логиката на градуализација на статуси. 13 август го прави токму спротивното, унифицира, обединува и заедно унапредува. И ова не се прифаќа. Пораката е негативна, негативна е за граѓанинот и за оние кои што се надвор од тука и кои што го сакаат доброто на Македонија. Пораката е лоша и за градењето на меѓучовечките односи и меѓуетничките односи. Во прв ред за ова треба да размисли мнозинството, затоа што е најзин дел на одговорност. Меѓутоа, велат: селото што се гледа, нема потреба од калауз.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Си земам право да ви дадам реплика, верувам ќе ми го дозволите тоа.

Почитуван колега, со респект ја сослушав вашата дискусија, а и сите претходни дискусии, бидејќи сум на место претседавач и морам да внимавам на секоја дискусија. Сакам да покажам дека во салата не може да се направи атмосфера, амбиент каде што само вие пратениците од албанскиот корпус ќе разговарате за ова прашање. И апсолутно се сложувам со вашиот став и сум убеден во тоа дека Република Македонија надвор не ја познаваат по нашето сирење и надвор не ја познаваат по нашиот ајвар. Ова ви го говорам сосема отворено и сосема релевантно. Меѓутоа, Република Македонија надвор ја познаваат по Охрид, по договорот кој се случи на 13 август во Охрид. Убеден сум дека тоа не е договор каде што седнаа на иста маса за да разрешат еден конфликт само господинот Арбен Џафери и господинот Имер Имери, туку седнаа и двајцата лидери на тогашните, а и сега најголеми политички партии во Република Македонија. Тоа значи мнозинството на граѓани во Република Македонија седнаа на иста маса за да се договори и да најде компромис да живее заедно. И во тоа сум сосема убеден и апсолутно стојам на таквото становиште. Меѓутоа, слушајќи ги сите аргументи знам дека договорот од Охрид е единствената карта на Република Македонија за

во Европска унија. Договорот од Охрид ја ревидира политиката која се водеше до тој момент во Република Македонија. И во тоа не може некој да ме разубеди дека не е така. Тој направи сериозна ревизија на сето она што беше испуштено од нашето осамостојување до тој момент. Договорот од Охрид му е дадена шанса овде во Собранието. Јас верувам дека и вие ќе се сложите со тоа, иако вие не бевте пратеник во претходниот мандат, тој имплементиран во Уставот, овде се спроведуваше од сите пратенички групи. Значи, шансата апсолутно му е дадена. Можеби тој до крај не е спроведен, останат е уште мал дел, но верувајте тоа ќе се заврши. Јас сум убеден дека не постои пратеник, освен еден кој се изјасни за тоа. Затоа, јас реков дека овој закон можеби не треба да се носи сега во овој момент. Јас сакам да му дадам шанса на 13 август, но во овој момент и мојот јасен став кој го прокламирав дека е рано за носење на ваков закон. Ви благодарам.

Јас се извинувам што морам да го прашам пратеникот Беџети, вие сте за говор?

Една минута контра реплика господинот Џевад Адеми.

**Џвад Адеми:** Благодарам.

Вашата реплика беше невообичаена, не во духот на тие досегашни конфликтуозни реплики и добро е што во Собранието се активираат и вакви ставови. И мојата контра реплика е во тој правец. Се согласувам дека предалгачот не направил добра пресметка со овој предлог. Кај нас Албанците има една поговорка која вели, сакајќи да ги покажеш веѓите, ги вадиш очите. Се плашам дека заправо тоа се случива во Македонија, со ваквиот предлог на Владата на Република Македонија. Апсолутно се согласувам со вашата реплика.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

По редоследот на пријавените, ако добро знам господинот Рафис Алити е и предлагач, кој е прв и тој секогаш како овластен има право прв да земе збор. Во таа конотација и деловнички прво збор му давам на господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Се јавувам процедурално, а потоа ќе се јавам за збор.

Поради тоа што направивме широка и долга елаборација и верувам дека мнозинството во Парламентот до сега да го разбереше се она штон ие го испративме како порака, пратениците од коалицијата ДУИ-ПДП, за доброто на воаа земја, затоа јас барам еден час пауза како предлагач, заедно со другите пратеници, за да донесеме одлука во однос на натамошниот тек или натамошната дебата по овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Ви дозволувам пауза, бидејќи Деловникот дозволува и компромис од 30 минути, за да изградите став, бидејќи оваа дебата според мене веќе станува непродуктивна.

Предлагам 30 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,26 часот).

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието, господинот Бесим Догани).

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот Блерим Беџети.

**Блерим Беџети:** Бидејќи за овој амандман зборував во текот на вчерашниот ден и не планирав уште еднаш да земам збор, но позитивно ме испровоцира изјавата на колегата Иван Анастасовки, уште еднаш да побарам збор и да се обидам да елаборирам, за мене едно многу значајно прашање во однос на амандманот и по Предлог-законот во целина.

Рашомонијадата што постои кај колегите пратеници од парламентарното мнозинство, како што беше претходниот случај со колегата Анастасовски кој јавно изјави дека за него лично Охридскиот договор е ништовен. Од друга страна сакам да им кажам на луѓето кои имаат храброст а се занимаваат со политика, како што беше јавната изјава на господинот Анастасовски дека во Македонија има тотална промена на политичкиот систем и на функционирањето на државата во пракса.

Исто така го изразувам незадоволството или разочарувањето, не само кон пратениците на парламентарното мнозинство, туку и кон пратениците на СДСМ кои исто така ја играат истата улога како тие на ВМРО-ДПМНЕ. Исто така и тие или само слушаат или пак не се присутни.

Политичката храброст која јавно ја искажа господинот Иван Анастасовски не треба да има индивидуално значење, или пак, од друга страна, како што можеше да го нарече неговата колешка, попатриотска, повикувајќи се на ништовност.

Приодот на нашата пратеничка група е јасен а тоа е дека ние не сакаме овој празник да го присвоиме како нациналeн празник, ниту имаме таква идеа. Но мислам дека крајно време е, особено во овој случај, парламентарното мнозинство на чело со ВМРО-ДПМНЕ, во македонскиот блок, да ја понесе одговорноста што произлезе од 5 јули, од парламентарните избори, во својот дел. За да се владее, да се биде на чело на држава, треба да се има и голема сериозност и одговорноста да биде на потребното ниво, бидејќи поинаку не може. До колку се мисли дека во форма на инает ќе слушаме и ние ќе се измориме зборувајќи, мислам дека е голема грешка. До колку е така, а така е, дека на 13 август е променет целиот политички систем на Република Македонија и во изминатите четири години и во практичното функционирање, со самиот факт дека е имплементиран најголемиот дел од Охридскиот рамковен договор, ве молам, почитувани присутни, дали оваа дата изгледа многу безначајна за да се празнува како државен

празник датумот кога беше променет политичкиот систем на државата. Дали е тоа обична промена, или пак само едно надополнување на законот? Не, тоа не е мала интервенција во Уставот, или пак во некој закон.

Мило ми е што и колегите, не сакам да направам таква поделба во македонскиот блок, кои прифаќаат дека Македонија навистина доби со 13 август, не само за спречување на конфликтот кој беше тогаш, туку и други придобивки, по 13 август, во политичка, дипломатска дури и економска сфера, потпомогната Република Македонија, токму како резултат на Охридскиот рамковен договор, што и меѓународно е гарантирано дека треба да се имплементира. Бидејќи многу пати сме слушнале и од многу релевантни меѓународни кругови дека интегрирањето на Македонија е токму преку Охрид, или подобро речено преку Охридскиот договор, имајќи предвид дека по изборите од 5 јули, уште еднаш произлезе чувството кај Албанците дека охридскиот дух се обидува да избледи до таа мера, како што рече колешката, речиси да стане ништовен. Затоа апелирам и повикувам, ВМРО-ДПМНЕ кој го има мнозинството во овој парламентарен состав, се разбира и кај СДСМ кој исто така, во претходната Влада имаа обврска и се повикуваа токму на Охридскиот договор, сите заедно да се обединиме околу оваа дата, околу овој голем историски пресврт во кој се најде државата токму на 13 август, денот кога почна и етникумите кои со децении се чувствуваа мајоризирани, речиси е несфатливо зафаќањето со политиката. Најможната порака во овој контекст, што ја имаме меѓу мнозинството македонско, од 5 јули и албанското мнозинство, исто така што произлезе од 5 јули, но и партиите кои добија помал легитимитет, сите заедно да се обединиме околу датумот и да испратиме порака и до граѓаните, но и до меѓународните центри дека ќе акумулираме подготвеност, голема политичка одговорност, обврските, задачите и духот од Охридскиот договор ќе го почитуваме токму во таа мерка, дури и повеќе, до колку имало заостанување во тој правец, одколку во претходната Влада. Иако поминале доста години, духот на Охридскиот договор е инкорпориран во Уставот на Република Македонија, ќе се испочитува целосно. За жал, неприфаќајки го овој предложен амандман, може да се намали убеденоста кај мнозинството Албанци што во овој случај, исто така е тангирано дека деновиве, преку комитети и тн., се донесуваат одлуки за непочитување на двојно гласање. Дали сите ние заедни ќе се согласиме дека извонредно големата придобивка од Охридскиот договор, освен разните компромиси во однос на промени на политичкиот систем е токму ова двојно гласање. На народен јазик тоа значи Бадинтеровиот принцип. Етникумите кои не се во мнозинство во Република Македонија, се чувствуваат и дефакто тоа така беше, беа надгласани, мајоризирани и прифаќајки го овој амандман, ќе се испрати многу јасна порака до сите граѓани дека филозофијата на мајоризација што една цела деценија, дури и повеќе, постоеше во Република Македонија, е само во минатото и дека во 2001 година, без разлика на политичките извршни гарнитури, произлезени од тие избори, или пак од идните избори што ќе се случат, без оглед кога, ќе се манифестира готовност на почитување на Охридскиот договор односно на Уставот на Република Македонија.

Сигурно е дека претставникот на Владата, господинот Љупче Мешков, има многу повеќе работа во својот ресор, во оваа голема социоекономска криза што постои и денес, како што постоеше и порано во Република Македонија, да го даде својот максимум за доброто, за подобра социоекономска состојба за граѓаните на Република Македонија, отколку немањето аргументи, како од страна на претставникот на Владата, така и од парламентарното мнозинство. Каде е причината за неприфаќањето, како од претставникот, господин Љупче Мешков, така и од парламентарното мнозинство, дури и од СДСМ.

Охридскиот договор е уставна обврска и начелата, законите кои произлегле од овој договор, не се само за Албанците односно за поддржувачите на политиката на ДУИ и на ПДП. Многу јавно кажа господин Анастасовски, сите ние знаеме дека овој договор е потпишан од четири релевантни субјекти во Република Македонија. Сакам да ве потсетам дека и бившиот починат претседател, господинот Борис Трајковски и актуелниот претседател господин Бранко Црвенковски, исто така реализираат манифестации во однос на Охридскиот рамковен договор, кога имаме една традиција на празнување, на одбележување на Охридскиот договор, инсталирано од претседателите на државата. Каде е причината да има неподготвеност од страна на пратениците на Парламентот на Република Македонија? Уште полошо е кога не се дебатра. Сигурно станува збор за немање аргументи, дали треба или не треба оваа дата да стане државен празник. Треба да го прифатите фактот дека и бившиот починат претседател и сегашниот претседател, произлегуваат од политички гарнитури, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Токму од таму од каде тие произлегле како кандидати, за жал, денес парламентарните групи, јас не гледам некоја подготвеност кај нив, дури и со јавна индивидуална поддршка, што е недоволно. Не може човек да игра улога на модернизиран, друг на демократ, трет на конзервативен човек. Одговорноста политичка им припаѓа на субјектите во овој случај. Нема ниту една причина да биде поинаку, освен она што го велиме ние. До колку има некоја друга приина, повелете ние сите заедно ќе разговараме.

До колку Македонија постигнала на меѓународно ниво, добила внатрешна стабилност каде има помирување помеѓу етничките заедници, пред се меѓу најголемите етнички заедници. Бидејќи со Охридскиот договор се здобија со придобивки и други помали етнички заедници, во однос на овие

две поголеми, тоа е уште еден факт дека од овој договор добиваат сите етникуми.

Јас сум загрижен од фактот поради неподготвеноста на прифаќање на овој амандман и неподготвеноста да полемизираме со аргументи, зошто треба или не треба да се прифати. До колку не се сака, повелете јавно да дебатираме зошто не треба. До колку овој договор беше лош, треба и тоа да го кажеме, да не го чуваме како табу тема, да не зборуваме, Охридски договор да, кога ни одговара, кога имаме потреба, а од друга страна обврските од тој Охридски договор да ги заобиколуваме. Тоа подразбира дека ќе употребуваме само еден збор, а кога ќе оди некој висок претставник на Македонија во Брисел и ќе спомне дека ние го почитуваме Охридскиот договор и ќе го имплементираме. До колку се имплементираат политичките партии, не значи дека се имплементира и Охридскиот рамковен договор.Одличен пример е тоа што со Предлог-законот доминираат празници од верски карактер, што исто така ценам дека не е во ред да доминираат верските празници, наместо да доминираат државните и националните празници. Тоа на некој начин е и уставна обврска. Верските заедници се одделени од државата. Ние ги почитуваме, поради политиката определба.

Уште еднаш ве молам, почитувани пратеници, пред се од парламентарното мнозинство повелете да дебатираме дали треба или не треба и зошто треба да биде, зошто имаме храброст да речеме дека треба. Доколку вие цените дека не треба да биде, повелете, убедете не, дебатирајте дека не треба да биде можеби и ние ќе го повлечеме овој амандман.

Се извинувам што ќе речам вие ќе бидете предавници на една машинерија, ќе се деградирате самите себе, ќе се претворите во гласачка машинерија и ништо повеќе. Убеден сум дека овој состав на Парламентот ако не денес можеби утре сигурно овој значаен датум за Република Македонија ќе се вклучи во законот и ќе се здобие со значајно место во општествениот и политичкиот живот на Република Македонија. Доколку е така зошто оваа политичка одговорност да не биде донесена сега, зошто да се избегнува тоа, кои се мотивите, целите, пораките испратени до граѓаните во сегашниот случај. Секогаш, имајќи во предвид дека имаме политички спорови, сакале или не треба да го прифатиме, имаме политички спорови, токму кога се повикуваме на овој Охридски договор и ние и вие. Доколку вие се повикувате на Договорот како и ние, повелете нека биде еден од државните празници на Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Фазли Велиу, повелете.

**Фазли Велиу:** Почитувани пратеници,

Денешната цел или намера изгледа ќе биде нашата одлучувачка за да се направи голем пресврт околу нашиот став кон ставот на Владата, а истовремено да објасниме на јавноста дека не ни е обичај да држиме долги говори, туку да и покажеме на јавноста, на граѓаните дека сме одлучени на нашиот пат на сочувување на вредностите на граѓаните од сите припадности, истовремено да ги браниме вредностите кои се децениски, вековни, кои ги донеле напредните народи на оваа земја.

Варијантата на Предлог законот за кој говориме е направена тогаш од страна на Владата, имаше еуфорична промена, коренита промена која не одеше во прилог на целата земја, на сите граѓани и државата, со цел да се избришат сите вредности, на почетокот на овој век и да се зачуваат последните вредности на векот кој помина кога властите беа на сила и го направија сето тоа што го направија за да дојде до едно востание кое донесе штета, но и придобивка, а и победа на сите граѓани и на самата држава.Сега Владата има шанса да се поправи, уште еднаш да го анализира овој Предлог закон и самата да одлучи Охридски договор, оваа капитална одлука на земјата, тековна одлука на земјата да се поднесе како амандман од самата Влада и да се манифестира така како што заслужува, како што сака самата земја, како што сака меѓународниот фактор, значи да биде државен празник.

Ние очекувавме и тие кои доаѓаат со разни влијанија било да престојувале некое време во Бугарија или во Србија да го дадат својот придонес пред сите припадници на нивните партии во Собранието, а не да ги вртат во круг своите граѓани и повторно да ги оставаат во ќорсокак. Тие не водат сметка за нас, можат повторно да се вратат по три месеци или шест месеци и повторно да ни ја губат сета енергија и време кое сме го потрошиле за нашите договори тука. Двоумењето дека Собранието како највисока институција во земјата не раководи, туку раководи Владата, а имам мислење дека и во Владата не раководи Владата, туку поединец и во последно време не претседава премиерот или не раководи премиерот, туку некој илегален премиер раководи. Затоа ние, почитувани пратеници, ова не можеме да го трпиме повеќе, затоа почитувани граѓани во земјата вие треба да не разберете зошто излегуваме и говориме, можеби го одземаме вашето скапоцено време за да се подобри вашата економска, социјална ситуација, кадровска и наместо да бидеме во вашата средина ние се занимаваме со работи кои имаат мандат не само на земјата, туку и од меѓународниот фактор и за промена на истите не можат да се донесат само локални одлуки, туку треба да се донесат и меѓународни одлуки затоа што во 2001 година меѓународниот фактор беше тој кој стоеше до нас. Во 2002 година меѓународниот фактор беше тој кој помогна на локалниот фактор, посебно на правниот фактор за да се изготви Уставот на земјата.

Меѓународниот фактор беше постојано со нас и е со нас со цел зачувување на вредностите на луѓето, истовремено да се создаде безбедност во земјата кога имаме не толку потребно искуство за да се обезбеди безбедноста на граѓаните. На

крајот на краиштата меѓународниот фактор е потписник на Охридскиот договор и меѓународниот фактор се подготвува еден ден да дојде и да манифестира или да празнува заедно со нас ден на Рамковниот договор кој Договор е основа или база за државата, фундаментален договор за правата на граѓаните, Договор кој е темел за иднината на оваа држава, Договор над сите договори за интегритетот на Македонија.

Ние ќе бевме неразбирливи доколку дејствувавме поинаку и да не го признаеме овој Договор затоа што на крајот на краиштата и овој Договор не е на толку потребно ниво колку што треба да биде. Меѓутоа, ние сме за поддршка на овој Договор се додека немаме нов договор.Потоа сме за поддршка на овој Договор затоа што тој сеуште не е исполнет и имплементиран како што треба. Во овој Договор албанскиот народ е ограничен во рамка да ги ужива правата кои ќе бидат професионални со 25%, а не рамноправни права. Може да се спори или да се избрише овој Договор или можеше да не влезе во домашните анали на државни манифестирања или празници доколку се склучеше нов договор што значи доколку Охридскиот договор се укине, тогаш доаѓа друг договор кој дава напредни права за сите народи во земјата. Ние бевме дискриминиран народ, ова го знаат сите, имаме морално право да кажеме дека другите треба позитивно да бидат дискриминирани. Меѓутоа, ние тоа не го бараме денес затоа што ние треба рамо до рамо да одиме напред за да го фатиме чекорот со Европа и светот за да бидеме нивен дел. Ние, истовремено овие 4-5 години и повеќе не сме бараме никаква компензација за сите оштетени семејства, за сите инвалиди од војната затоа што знаеме во каква ситуација е земјата или државата и во каква состојба сме сите ние. Меѓутоа, за целата компензација ние бараме да се почитува Охридскиот договор како преодна фаза, потоа да се стигне до еден повисок стадиум на земјата самата земја во иднина да изготви договор кој нема веќе да биде надворешен пример за внатре, туку ќе биде локален пример за земјата и надвор за странство. Ова го правиме за доброто на сите. Не го правиме со разни форми, туку директно, непосредно во Собранието, сите сме легитимни, сите имаме мандат и овој мандат е мандат од народот. Мандатот од народот не може да го спори никој. Затоа ги повикуваме сите за овие историски датуми на народите и државите да го дадат својот придонес и работите да одат на арно. Децениските реформи во 2001 и 2002 година треба да одат напред и да го имаат мандатот на половина век. Треба да ја браниме и сочуваме оваа земја доколку сакаме да го зачуваме името на земјата, доколку сакаме да ги зачуваме симболите на земјата и доколку сакаме да напредуваме заедно. Ние го освестивме целиот внатрешен дел дека во 2001 година требаше да се стави крај на една дискриминаторска политика. Затоа од ова освестување, од оваа поука мислиме дека на сите им е јасно дека не отидовме до екстремност за да страдаат граѓаните. За жал, во првиот дел од нашиот обид страдаа селаните, страдаа учениците, страдаа старите и младите, а не тие кои ја раководеа државата, не страдаа тие кои раководеа со Собранието, тие сеуште се живи. Мислам дека сите треба да бидеме свесни доколку има такви кои сакаат да гледаат филмски сцени за тоа како можат да се случат настаните во Тетово или Струмица нека дојдат и нека се мерат со сите тие кои биле со својот дел на жртвување, а не да си играат и гледаат во телевизиските екрани како се жртвувал било албанскиот, било македонскиот дел или други припадници на други заедници за одбрана на оваа земја. Слободно можам да кажам дека не сме излегле да ја распаднеме оваа држава, ние излеговме да ја одбраниме оваа држава и доколку има некој што сака да сведочи за ова има многу факти што дејствувањата од страна на соседите, посебно дејствувањето и активностите од Србија, Бугарија и Грција сеуште не се престанати.Затоа јас уште еднаш велам овој датум вреди за сите и доколку ја сакаме оваа држава, оваа земја, овој народ треба да го поддржиме и да го празнуваме сите заедно. Заедно со сите оние кои придонесоа на крајот да имаме договор за сите наши добра на Балкан и Европа.После овие стрели, покрај овој компас на Охридскиот договор денеска и Босна и Херцеговина оди по истата патека, Косово лека полека и самата Србија. Затоа сме горди што го имаме овој Договор и заедно со жртвувањето ќе го манифестираме или празнуваме на наш начин, но тогаш никој да не рече дека правиме антидржавни празнувања или манифестации, туку правиме државни манифестирања кои се воспоставени истовремено се и мандатни и полавековни. Благодарам за вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам. Продолжуваме понатаму.Има збор пратеникот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Почитувани, сите тие што ја следат седницата на Собранието, ние како пратеници на коалицијата ДУИ и ПДП, како што реков и порано, имавме граѓанска обврска да кажеме за значењето на Охридскиот договор, за значењето на 2001 година.Навистина, по сите овие аргументи кои ги предложија пратениците од коалицијата тргнувајќи од претходниот говорник не останува ништо повеќе да се каже во овој правец, она што го рече претходниот говорник за нас албанците останува и натаму да ги празнуваме нашите национални празници како што тоа го правевме, бидејќи има еден бошњачки, ние го направивме овој ден, се обидовме да одиме кон Мухамед, но парламентарното мнозинство не сака да ги гради тие мостови на соживот. Сигурно е дека за тоа најмалку имаме одговорност. Претходниот говорник меѓу редови рече дека ќе продолжиме да ги празнуваме нашите празници, ќе продолжиме да ги одбележуваме датумите од 2001 година, да празнуваме во Тетово, Радуша, Арачиново, Слупчане, Куманово и така по ред. Сакал некој да

признае или не тоа е дел од историјата што се случи во Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(Во 17,03 часот пратениците од ДУИ и ПДП ја напуштија салата освен пратеникот Рафис Алити)

Објавувам 10 минути пауза и ги молам координаторите на групите да направат напор да ги соберат пратениците. Благодарам.

(Пауза од  17,04 до 17,15 часот)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите ги молам да ни дадат извештај за точниот број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи нема услови да пристапиме кон гласање, ја прекинувам седницата и продолжението на оваа седница го најавувам за понеделник во 11,00 часот. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,17 часот)